М-р Весна ДИМИТРИЕВСКА

# МАКС ВЕБЕР ЗА КАУЗАЛНОСТА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Своите методолошки гледишта Макс Вебер, никаде систематски не ги изложил, и покрај неговиот интерес за овие проблеми. Ова не значи, дека Веберовите методолошки сваќања се споредни и периферни или дека се случаен производ на неговата желба за стекнување на нови сознанија, а најмалку дека немаат никаква подлабока врска со неговите социолошки сваќања. Всушност, Веберовите методолошки расправи се конститутивен дел на неговите социолошки размислувања, наспроти фактот што многу негови конкретни методолошки расправи се нејасни и проблематични. Ова може да го сфатиме, доколку знаеме дека, врз неговите сваќања силно влијание имал, целиот сплет на епистемиолошки идеи и особениот карактер на општествените науки кои кон крајот на 19-от век се појавиле во Германија. Вебер своите сфаќања ги оформил во општествен простор во кој, општествената мисла била вовлечена во интензивна полемика околу предностите на едниот или другиот пристап во научното истражување (природно-научен и историски).

Во своите методолошки размислувања, Вебер, поголемо внимание посветува на основните прашања за социолошкиот пристап во општествената реалност, а само делумно ги разгледува прашањата за техниките на социолошките истражувања. Она што го интересира, не е истражувачката пракса на социологијата, туку филозофските темели на кои таа почива. Неговите методолошки написи, повеќе отвораат нови теоретски претпоставки, отколку што нудат некои конкретни практични решенија. Целото Веберово занимање со методолошки проблеми, произлегува од уверувањето дека проучувањето на општествената реалност, бара претходно логичко разјаснување на формалните и материјалните претпоставки, од кои треба да се тргне во проучувањето.

Тој смета дека во областа на општествените науки владее крајна збрка во поглед на основните прашања и дека на социологијата и претстои период кога треба да се оформи како посебна општествена наука.

Социологијата сватена како наука, има основна цел да ја проучува општествената акција и тоа, пред сé, субјективното значење кое и го препишуваат актерите кои живеат во одредени историски услови. Општествената акција, како единица на социолошко проучување, Вебер ја дефинира како основна дејност на луѓето "која е ориентирана кон, минатото, сегашноста или идното очекувано однесување на другите".

Општествената акција, е онаа акција на луѓето, која, како своја ориентација ги има другите луѓе а ги зема предвид и однесувањето на другите и нивните желби. Притоа Вебер разликува четири типа на општествена акција: целно-рационална; вредносно-рационална; афективна и традиционална. Но, најголемо внимание, тој посветува на целно - рационалната акција. Рационализацијата, тој ја открива во сите сфери на животот, во политиката и економијата во правниот систем па дури и во интерперсоналните односи. Субјективното разбирање на целно рационалната димензија на човековото однесување, според него претставува, тип на причинска анализа.

Целите кои луѓето си ги поставуваат, начините на кои ги пресметуваат, средствата за нивно постигнување, мотивите кои ги поттикнале кон овие дејствија, сето тоа е причинско-последичен курс на акцијата што ја водат. Според Вебер, каузалноста е присутна во општествената и историската стварност. Но во рамките на општествените истражувања, каузалноста се остварува преку термините на веројатноста, што е наметнато од самата општествена реалност.

Од сложената мрежа на меѓузависности, за потребите на научните истражувања, социологот, обично избира мал број фактори, оние кои ги оценува како релевантни за објаснувањето на одреден аспект на појавата, кој него најмногу го интересира, а ги занемарува фактите кои се значајни за другите аспекти или за појавата во целина. Ваквото негово размислување, упатува дека, заклучоците до кои се доаѓа, во поголема или помала мера, се веројатни. Притоа, тој смета, ако социологијата не е во состојба потполно да ги истражи суштинските врски меѓу општествените појави, тогаш таа неможе да изгради еден траен и затворен теоретски систем.

Тука, Вебер дава решение на едно од основните методолошки прашања. Тоа е прашањето за можноста на причинско објаснување на општествените појави. Притоа, мора да признаеме, дека ова е највредниот и најважниот дел на Веберовите методолошки програми. Ова можеме да го потврдиме со фактот, што никој пред Вебер не бил

свесен за логиката на причинското истражување и никој пред него, јасно не покажал дека формалната структура на причинското објаснување е иста во сите случаи. Со ова, Вебер потврдува дека, помеѓу природните и општествените науки нема значајни разлики или со други зборови, сите науки, каков и да е предметот на нивното проучување, почиваат на исти логички претпоставки. Чудно е само тоа што Вебер не дошол до овој заклучок.

Тргнувајќи од сваќањето дека реалноста е хетероген континиум и неводејќи сметка за разликите на природната и општествената реалност, Вебер си го поставува прашањето: како воопшто е можно да се утврди дека еден одреден факт е причина за една одредена појава, кога постојат безброј многу факти кои ја условуваат таа појава во нејзината конкретна форма, и кога е неопходно здружено дејство на сите тие факти за појавата да би можела да настане? Притоа, Вебер укажува дека, причинското објаснување е возможно под овие услови (што впрочем е и Веберовиот одговор на поставеното прашање):

- ако се побараат факти кои се релевантни за објаснувањето на овој аспект или се составен дел на појавата која нас нè интересира, при тоа да се занемарат оние факти кои се значајни за појавата во целина; и

- ако се занемарат оние факти кои претставуваат општи услови за целата појава, без која, многу други појави не би можеле да настанат.

Овој одговор јасно укажува на две работи:

- дека причинското објаснување претставува апстрактно аналитичко определување на самата појава која треба да се објасни; и

- дека кога сакаме да објасниме некоја појава која нè интересира, може да се повикаме само на специфичните услови кои се нужни и доволни за настанувањето на таа појава, а не било што, што е во врска со неа .

Вебер констатира дека причинското објаснување е можно, без оглед на сложеноста и испреплетеноста на подрачјата кои ги истражува. Притоа тој ја разгледува формалната страна на процесот т.е. се задржува на истражувањето кое настојува да го открие односот меѓу причината и последицата и детално ги опишува одделните логички операции од кои се состои постапката на проверување на основаноста на предложените објаснувања.

Веберовата логична шема го зема експериментот како идеален образец на причинско објаснување, но не тргнува од сваќањето дека во секој конкретен случај е можно да се менуваат одделни факти

и вештачки да се создадат најпогодни услови, што е карактеристично за експериментот како истражувачка постапка. Но, сепак треба да истакнеме, дека Вебер, малку верува во можностите на експерименталното проучување на општествената стварност. Како и Диркем, па можеби и поодлучно од него, Вебер тврди дека споредбено историски метод е најдобро и најприкладно средство, кое на социологијата и стои на располагање за проучување на општествената причинитост.

Во неможност вистински да манипулира со фактите, чија причинска релевантност, сака да ја потврди, социологијата мора да се ограничи на историската аналогија, т.е. мора да пронајде таква историска ситуација која приближно ќе биде еднаква на ситуацијата која треба да се објасни. Притоа таа ситуација треба да се разликува во поглед на фактите за кои се претпоставува дека се причинско релевантни.

Идеално би било, вели Вебер, кога би можело да се пронајде таква историска ситуација која во сé се совпаѓа со онаа ситуација која нас не интересира.

Бидејќи, овој идеал, практично е недостижен, во социологијата ретко кога може да ја провериме основаноста на некое причинско објаснување на сосема задоволувачки начин. Често дури и не можеме да се послужиме со историска аналогија. Притоа треба да употребиме имагинарен експеримент, што е недоверливо, според Вебер. Самиот, имагинарен експеримент, претставува еден облик на хипотетичка реконструкција на објективно можниот развој под одредени услови.

На крајот, треба да спомeнеме дека во своите разгледувања на формалните услови кои мора да ги задоволи секое причинско објаснување, Вебер првенствено мисли на објаснувањето на поединечните случувања. Погрешен би бил заклучокот доколку сметаме дека Вебер, посветува поголемо внимание на истражувачката пракса во историјата отколку во социологијата. Всушност, Вебер, во својот методолошки вовед, за делото "Стопанство и општество" поопширно ги зема во предвид проверувањата на општите хипотези а не проблемот на историското објаснување.